**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РОСОМАН**

**Арх.бр.УП1-3/5**
**од 05.01.2022 година.**
**Кавадарци**

До
Градоначалник на Општина Росоман

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Росоман за 2021 година со Одлука број:08-38/2 од 29.01.2021 година, објавена во Службен Гласник на Општина Росоман бр.7/06 донесена од страна на Советот на Општина Росоман, Градоначалникот на Општина Росоман го дава следното

# СООПШТЕНИЕ
## За спроведување на јавен увид по

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, НА КП 365/1 И КП 366, КО ПАЛИКУРА, ОПШТИНА РОСОМАН

### Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Росоман дека се организира **Јавен увид** по **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаични електрани, на КП 365/1 и КП 366 КО Паликура, Општина Росоман,** со технички број 06/21 од Јуни 2021, изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ – ДООЕЛ Велес.

### Член 2

Проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаични електрани, на КП 365/1 и КП 366 КО Паликура, Општина Росоман се наоѓа** е опфатена во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, според кој се изработени условите за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија, со технички број Y04921 од Април 2021.

Границите на планскиот опфат се:

- На север граничи со соседни парцели КП 361 и КП 363
- На исток граничи со локален пат
- На југ граничи со КП 367 и КП 368
- На запад граничи со КП 364

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува **9980 м2.**
Со овој урбанистички проект се планира градба на површински соларни и фотоволтаични електрани.
Во границите на планскиот опфат планирано е оформување на две нови градежни парцели согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти.

Парцелите се со следните класи на намена:
Е – **инфраструктури**
**Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани**
**Е1.8 – Инфраструктура за пренос на електрична енергија.**

Со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен Весник на РСМ" бр.225/20).
Во рамки на градежните парцели се планирани Површински соларни и фотоволтаични електрани.
Пристапот е преку постоечки пристапни патишта со широчина од 3,5м.
Постоечки асфалтен пат: - коловоз 3,5м
Постоечка земјен пат: - коловоз 3,5м

## ЈАВЕН УВИД

На **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаични електрани, на КП 365/1 и КП 366 КО Паликура, Општина Росоман** изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ – ДООЕЛ Велес. со тех.бр.06/21 од Јуни 2021 ќе **трае 15 (петнаесет**) дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН

службената web страна на Општина Росоман www.opstinarosoman.gov.mk во период од 10.01.2022 до 24.01.2022 **година** за кое време може да се достават евентуални забелешки, секој работен ден од 7.30 до 15.30 во просториите на Одделението за Урбанизам при Општина Росоман.

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов**

Stojan Nikolov Digitally signed by Stojan Nikolov Date: 2022.01.10 15:07:05 +01'00'

**Изработил:**
**м-р.инж.арх Дијана Недева**

Dijana Nedeva Digitally signed by Dijana Nedeva Date: 2022.01.05 11:56:21 +01'00'

**Контролирал:**
**м-р.инж.арх. Ана Несторова**

Ana Nestorova Digitally signed by Ana Nestorova Date: 2022.01.05 11:50:35 +01'00'